СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН

Службен гласник на Општина Ресен **-излегува по потреба**	**15.06.2021 година** **бр. 7 година 56** **Ресен**	**Уредува** **Стручна служба** **Тел. 047/551- 903**

АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

1.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за прогласување на природна непогода од град на територијата на Општина Ресен

Се објавува Одлуката за прогласување на природна непогода од град на територијата на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.06.2021 година.

Бр.09- 1231/1 Градоначалник
15.06.2021 година Живко Гошаревски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 16 став 1 точка 10 и член 23 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Ресен (“ Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010,13/2013, 8/2015 и 11/2015), Советот на Општина Ресен на 67 та седница одржана на ден 14.06.2021 година, донесе

ОДЛУКА
за прогласување на природна непогода од град на територијата на Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се прогласува природна непогода од град на територијата на Општина Ресен на ден 09.06.2021 год. и 11.06.2021 година.

Член 2

Се задолжува Градоначалникот, стручните служби на Општина Ресен да објават јавен повик за пријавување на штетите предизвикани од природната непогода.

Рок за поднесување на барањата е десет работни дена почнувајќи од 15.06.2021 година до 29. 06.2021 година, со можност за негово продолжување.

Градоначалникот со Решение ќе го определи составот на дополнителните комисии за проценка на штети на земјоделските површини, предизвикани од природната непогода од град.

Комисиите за проценка на штетите, ќе направи увид на погодените површини, ќе изврши проценка на штетите на земјоделските површини предизвикани од градот на територијата на Општина Ресен, за што ќе се изготви Елаборат за процена на штетите.

Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Р Е С Е Н

Бр. 08- 1208/2 Претседател
14.06 2021 година Никола Станковски с.р
Ресен

2.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за формирање на Комисии за проценка на штети на земјоделски површини предизвикани од природна непогода од град на територијата на Општина Ресен

Се објавува Одлука за формирање на Комисии за проценка на штети на земјоделски површини предизвикани од природна непогода од град на територијата на Општина Ресен, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 14.06.2021 година.

Бр.09- 1231/2 Градоначалник
15.06.2021 година Живко Гошаревски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа (“ Службен весник на РМ“ бр. 5/02), и член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (“ Службен гласник на Општина Ресен“ бр. 7/2010,13/2013, 8/2015 и 11/2015), Советот на Општина Ресен на 67- та седница одржана на ден 14.06.2021 година, донесе

О Д Л У К А

за формирање на Комисии за проценка на штети на земјоделските површини, предизвикани од природна непогода од град на територијата на Општина Ресен

Член 1

Со оваа Одлука се одлучи да се формираат според потребата дополнителни Комисии за проценка на штети на земјоделските површини предизвикани од природната непогода од град на територијата на Општина Ресен, на ден 09.06.2021 год. и 11.06.2021 година.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Р Е С Е Н

Бр. 08- 1208/3
14.06 2021 година
Ресен

Претседател
Никола Станковски с.р

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за прогласување на природна непогода од град на територијата на Општина Ресен.....стр.1
2. Одлука за формирање на Комиии за проценка на штети на земјоделски површини предизвикани од природна непогода од град на територијата на Општина Ресен.....стр.3